D. 28.4.75

2693 Централна правосулна книжница
Врховног содишча СР Словенијe
61000 ЉУБЉАНА
ул. "Товчарјева" бр.9

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Петок, 18 април 1975
Скопје
Број 14 Год. XXXI

Претплатата за 1975 година изнесува 300 динари. Овој број чини 3 дин. Жиро сметка 40100-601-128

**113.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТАНБЕНИТЕ ОДНОСИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за станбените односи,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 8 април 1975 година и на седницата на Соборот на општините, одржана на 8 април 1975 година.

Број 06-540/2
9 април 1975 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески**, с. р.

Претседател
на Претседателството
на СРМ,
**Видое Смилевски**, с. р.

### ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТАНБЕНИТЕ ОДНОСИ

Член 1

Во Законот за станбени односи („Службен весник на СРМ" број 36/73) во член 39 зборовите: „организацијата за стопанисување со станбени згради и станови во општествена сопственост (организација за стопанисување со станбени згради)" се заменуваат со зборовите: „самоуправната интересна заедница на станувањето".

Член 2

Во член 40 став 1, член 46, член 47 точка 7, член 48 став 2 алинеја 1, член 49 став 1, член 51, член 53 став 1 и 2 и член 62 зборовите: „организацијата за стопанисување со станбени згради" се заменуваат со зборовите: „самоуправната интересна заедница на станувањето".

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

**114.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

### УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ПРОДАЖБА НА СТАНБЕНИ ЗГРАДИ И СТАНОВИ ВО ОПШТЕСТВЕНА СОПСТВЕНОСТ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за условите и начинот на продажба на станбени згради и станови во општествена сопственост,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 8 април 1975 година, и на седницата на Општествено-политичкиот собор, одржана на 8 април 1975 година.

Број 06-539/2
9 април 1975 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески**, с. р.

Претседател
на Претседателството
на СРМ,
**Видое Смилевски**, с. р.

### ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ПРОДАЖБА НА СТАНБЕНИ ЗГРАДИ И СТАНОВИ ВО ОПШТЕСТВЕНА СОПСТВЕНОСТ

Член 1

Во Законот за условите и начинот на продажба на станбени згради и станови во општествена сопственост („Службен весник на СРМ" бр. 21/72) во член 1, став 1 зборовите: „организациите или единиците за стопанисување со станбени згради (станбено претпријатие)" се заменуваат со зборовите: „самоуправните интересни заедници на станувањето".

Член 2

Во член 4, став 2, 4 и 8, член 7, став 1 и член 11, став 1 зборовите: „станбеното претпријатие" се заменуваат со зборовите: „самоуправната интересна заедница на станувањето".

Член 3

Во член 4, став 2 и член 7, став 1 зборот „должно" се заменува со зборот „должна".

Член 4

Во член 4, став 3 зборовите: „станбеното претпријатие кое стопанисува со станбени згради, станови и деловни простории во општествена сопственост" се заменуваат со зборовите: „Самоуправната интересна заедница на станувањето".

Член 5

Во член 11, став 2 по зборот „лице“ се става точка, по кое текстот до крајот на реченицата се брише.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

---

**115.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОПСТВЕНОСТ НА ДЕЛОВИ ОД ЗГРАДИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за сопственост на делови од згради,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 8 април 1975 година, и на седницата на Општествено-политичкиот собор, одржана на 8 април 1975 година.

Број 06-538/2
9 април 1975 година
Скопје

Претседател на Претседателството на СРМ,
**Видое Смилевски,** с. р.

Претседател на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

## ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СОПСТВЕНОСТ НА ДЕЛОВИ ОД ЗГРАДИ

Член 1

Во Законот за сопственост на делови од згради („Службен весник на СРМ“ бр. 20/74) во член 10, став 3 зборовите: „организацијата за стопанисување со станбените згради во општествена сопственост“ се заменуваат со зборовите: „самоуправната интересна заедница на станувањето“, а зборот „организација“ се заменува со зборот: „заедница“.

Член 2

Во член 14, став 1 и 3, член 15, став 1 и член 16, став 1 и 2 зборовите: „организацијата за стопанисување со станбените згради во општествена сопственост“ се заменуваат со зборовите: „самоуправната интересна заедница на станувањето“.

Член 3

Во член 16, став 1 зборовите „таа организација“ се заменуваат со зборовите „таа заедница“.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

**116.**

Врз основа на член 6 од Законот за Републичкиот буџет за 1975 година, Собранието на СР Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 8 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТИ ОД ПОШИРОК ОПШТЕСТВЕН ИНТЕРЕС ВО ОБЛАСТА НА ВОДОСТОПАНСТВОТО ВО 1975 ГОДИНА

I

Со оваа одлука се утврдува финансирањето на дејности од поширок општествен интерес во областа на водостопанството, што ќе се финансираат од буџетот на Социјалистичка Република Македонија.

II

Средствата за финансирање на дејности од поширок општествен интерес во областа на водостопанството се обезбедуваат:

| | | |
|---|---|---|
| 1. Пренесени средства од Програмата за 1974 година | 5.238.289 | дин. |
| 2. Од буџетот на СР Македонија | 12.000.000 | дин. |
| ВКУПНО: | 17.238.289 | дин. |

III

**Распоред на средствата**

Средствата на Републичкиот буџет за финансирање на дејностите од поширок општествен интерес во областа на водостопанството се распределуваат за финансирање на следните намени:

| | | |
|---|---|---|
| 1. за исплата на обврски од 1974 година | 5.238.289 | дин. |
| 2. за редовно одржување (чување и оправка) на постојните заштитни водостопански објекти | 5.200.000 | „ |
| 3. за изградба на нови заштитни објекти и постројки (регулација на реки, објекти за одбрана од поплави, уредување на порои, заштита на извори и заштита од ерозија) | 4.100.000 | „ |
| 4. за набавка на цевки за водоводи во селски — населени места | 1.000.000 | „ |
| 5. за студии и истражувања | 1.155.870 | „ |
| 6. трошоци за банкарски и административни услуги, надзор и др. | 300.000 | „ |
| Вкупно распоредени средства: | 16.791.300 | дин. |
| 7. Тековна резерва | 244.130 | „ |
| СЕ ВКУПНО СРЕДСТВА: | 17.238.289 | дин. |

IV

Распределба на средствата по корисници врши Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство, врз основа на распишан конкурс.

V

Стручните и административните работи за спроведување на Програмата ги врши Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство.

VI

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 06-559/2
9 април 1975 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**инж. Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с. р.

**117.**

Врз основа на член 2, став 2 од Законот за финансирање на заштитата од градобијност („Службен весник на СРМ" бр. 48/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 8 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ФИНАНСИСКА ПРОГРАМА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ЗАШТИТА ОД ГРАДОБИЈНОСТ ЗА 1975 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдуваат средствата за заштита од градобијност за 1975 година и нивното остварување и користење по определени намени.

II

Средствата за финансирање на заштитата од градобијност за 1975 година се утврдуваат во износ од 12.917.548 динари, а се обезбедуваат од следните извори:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Пренесени средства од Фондот за заштита од градобијност од 1974 година | 107.548 |
| 2. | Учество на Републиката преку програмата за унапредување на индивидуалното земјоделство и градобијна заштита | 3.000.000 |
| 3. | Учество на Републиката за нестопански инвестиции — инвестициони вложувања во противградобијна заштита | 2.500.000 |
| 4. | Учество на општините каде што е организирана заштита од градобијност | 2.300.000 |
| 5. | Обврска на општините од изминати години | 3.000.000 |
| 6. | Учество на Осигурителниот завод за имоти и лица и други | 2.000.000 |
| 7. | Други приходи | 10.000 |
| | Вкупно расположиви средства: | 12.917.548 дин. |

III

Утврдените средства од точка II се распоредуваат:

**Распределени приходи на расходи**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Средства за функционално-материјални расходи | 7.300.000 |
| 2. | Средства за инвестициони расходи (опрема и друго) | 2.500.000 |
| 3. | Обврски | 1.000.000 |
| 4. | Средства за тековна резерва | 2.117.548 |
| | Вкупно распоредени приходи на расходи: | 12.917.548 |

IV

Се утврдува распоред на средствата за редовна дејност за заштита од градобијност за 1975 година и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Лични доходи | 2.200.000 |
| 2. | Награди за стрелби | 2.097.000 |
| 3. | Теренски и други додатоци | 382.000 |
| 4. | Материјални трошоци | 850.000 |
| 5. | Услуги | 259.000 |
| 6. | Набавка на ракети | 1.046.000 |
| 7. | Осигурување | 116.000 |
| 8. | Други трошоци и амортизација | 250.000 |
| 9. | Трошоци за работа на Советот и други манипулативни трошоци | 100.000 |
| | Вкупно: | 7.300.000 |

V

Се утврдува распоред на инвестиционите средства за изградба на радарските центри „Корито" и „Истибања" во износ од 2.500.000 и тоа:

Во динари

| Намена | Радарски центри „Корито" | Радарски центри „Истибања" | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 1. Технички средства | | | |
| 1. Метереолошки радари и транзистори | 300.000 | 340.000 | 640.000 |
| 2. Радио-опрема | — | 309.000 | 309.000 |
| 3. Набавка на агрегати | 130.000 | — | 130.000 |
| 4. Набавка на возила | 150.000 | — | 150.000 |
| 5. Факсимили | 118.000 | — | 118.000 |
| 6. Лансери и запалки и каблови | 115.000 | — | 115.000 |
| I. Вкупно од 1—6: | 813.000 | 649.000 | 1.462.000 |
| II — Градежни објекти | | | |
| 7. Зграда со опрема | 200.000 | — | 200.000 |
| 8. Изградба на ПГ станици | 388.000 | — | 388.000 |
| 9. Изградба на далекуводи | 250.000 | — | 250.000 |
| 10. Изградба на водоводи | 120.000 | — | 120.000 |
| 11. Материјални трошоци за изградба на патишта | 50.000 | — | 50.000 |
| 12. Градежен простор | 30.000 | — | 30.000 |
| II Вкупно (7—12) | 1.038.000 | — | 1.038.000 |
| СЕ ВКУПНО I и II: | 1.851.000 | 649.000 | 2.500.000 |

VI

Советот за заштита од градобијност, во договор со Републичкиот хидрометеоролошки завод, ги утврдува работите и задачите за спроведување на заштитата од градобијност за 1975 година.

Советот од претходниот став склучува договор за учество и со другите софинансиери за заштита од градобијност во спроведувањето на Програмата за 1975 година.

VII

Оваа финансиска програма влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, а ќе се применува од 1 јануари 1975 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 06-556/2
9 април 1975 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**инж. Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с. р.

---

**118.**

Врз основа на член 2, став 2 од Законот за средствата за пошумување на голините („Сл. весник на СРМ“ бр. 48/74), Собранието на СР Македонија на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 8 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ФИНАНСИСКА ПРОГРАМА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ЗА ПОШУМУВАЊЕ НА ГОЛИНИТЕ ВО 1975 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдуваат средствата за пошумување на голините во 1975 година, корисниците на средствата, мерките што ќе се финансираат со тие средства, како и начинот на користење на средствата.

II

Средствата за пошумување на голините за 1975 година се утврдуваат во износ од 10.980.000 динари, а се обезбедуваат од:

| | |
|---|---|
| — пренесени средства од Републичкиот фонд за пошумување на голините (салдо на ден 31. XII. 1974 година) | 1.005.000 |
| — средства на Републиката за инвестиции во стопанството наменети за пошумување на голините | 6.975.000 |
| — средства на Републичкиот буџет за 1975 година наменети за пошумување на голините | 3.000.000 |

III

Корисници на средствата за пошумување на голините во 1975 година можат да бидат општините, заинтересираните организации на здружениот труд и научни организации.

IV

Средствата за пошумување на голините во 1975 година ќе се користат за садење, одгледување и чување на шумските насади на голините, за заштита од растениски болести и штетници за производство на шумски садници, за научно-применувачки мерки за пошумување и заштита на насадите, за набавка на механизација за пошумување и одгледување на насадите, како и за функционални трошоци за стручно-технички и материјални трошоци за пошумување на голините и тоа во следните износи:

| | |
|---|---|
| — садење нови насади | 1.600.000 дин. |
| — одгледување и чување на подигнатите насади во претходните години | 4.000.000 „ |
| — одгледување и чување на насадите на спомен-шумата „Гоце Делчев“ | 850.000 „ |
| — расадничко производство | 3.750.000 „ |
| — научно-применувачки мерки за пошумување и заштита | 100.000 „ |
| — обврски од претходната год. | 500.000 „ |
| — друго | 180.000 „ |

Распоредот на средствата по одделни намени од претходниот став по корисници ќе го врши Советот за пошумување на голините, а врз основа на програмите за пошумување на корисниците на средствата.

V

Средствата за пошумување на голините се даваат на корисниците без обврска на враќање.

Средствата за садење, одгледување и чување на шумските насади на голините можат да се користат доколку корисниците на средствата обезбедат сопствено учество најмалку 20% од вкупниот износ на пресметковната вредност на работите.

VI

Оваа финансиска програма влегува во сила осмиот ден од објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-558/2
9 април 1975 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**инж. Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с. р.

---

**119.**

Врз основа на член 6 од Законот за Републичкиот буџет за 1975 година, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 8 април 1975 година донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ИНДИВИДУАЛНОТО ЗЕМЈОДЕЛСТВО ВО 1975 ГОДИНА

I

За унапредување на индивидуалното земјоделство со оваа одлука се утврдува Програма на мерки што ќе се финансираат од буџетот на Социјалистичка Република Македонија.

II

Средствата за финансирање на мерките за унапредување на индивидуалното земјоделство се обезбедуваат:

| | |
|---|---|
| — од буџетот на СР Македонија | 14.700.000 дин. |
| — од пренесените средства од Програмата за унапредување на индивидуалното земјоделство во 1974 година | 5.879.474 „ |
| — други приходи | 250.000 „ |
| Вкупно средства на Програмата: | 20.829.474 дин. |

III

Распоред на средствата од Републичкиот буџет за финансирање на мерките за унапредување на индивидуалното земјоделство, се распределуваат за следните мерки и обем:

| | | |
|---|---|---|
| I. — | Сточарство | 4.152.000 |
| II. — | Полјоделство | 2.330.000 |
| III. — | Градинарство | 34.000 |
| IV. — | Овоштарство | 536.000 |
| V. — | Лозарство | 420.000 |
| VI. — | Почвени анализи | 90.000 |
| VII. — | Натпревари за високи приноси, тракторски натпревари, изложби, смотри и др. | 410.000 |
| VIII. — | Земјоделско образование, пропаганда и проекти | 600.000 |
| IX. — | Финансирање на општинските и републичката стручна служба за унапредување на индивидуалното земјоделство | 5.245.000 |
| X. — | Исплата на бенифицирана камата од 6% и 1,5% за планирани инвестициони кредити во индивидуалното земјоделство | 3.000.000 |
| XI. — | Опремување на стручните служби со работни услови | 700.000 |
| XII. — | Финансирање на програмата за заштита од град | 3.000.000 |
| XIII. — | Трошоци за стручно-технички работи за извршување на Програмата за унапредување на индивидуалното земјоделство | 150.000 |
| | Вкупно распоредени средства: | 20.667.000 |
| | Тековна резерва | 162.474 |
| | СЕ ВКУПНО СРЕДСТВА: | 20.829.474 |

IV

Распоред на средствата по одделни гранки и мерки што ќе се финансираат од Републичкиот буџет во 1975 година

| Реден број | Намена по единична мерка | Субвенција по единична мерка во дин. | | | | Вкупен износ на субвенција во 000 дин. — | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Количество | Републ. буџет | Општ. буџет | Вкупно | Репуб. буџет | Општин. буџет | Вкупно |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| | I. СТОЧАРСТВО | | | | | | | |
| 1. | Набавка на бикови — бр. | 6 | 7500 | 7500 | 15000 | 45 | 45 | 90 |
| 2. | В/О крави во вет. ст. (амб). | 8000 | 50 | 50 | 100 | 400 | 400 | 800 |
| 3. | В/О во пунктови и линии | 15000 | 70 | 70 | 140 | 1050 | 1050 | 2100 |
| 4. | Одгледани јуници добиени од В/О од 6-12 месеци | 2000 | 350 | 350 | 700 | 700 | 700 | 1400 |
| 5. | Субвенц. за исхр. на бик. бр. | 30 | 1500 | 1500 | 3000 | 45 | 45 | 90 |
| 6. | Субвенц. за осиг. на бик. бр. | 30 | 1000 | 1000 | 2000 | 30 | 30 | 60 |
| 7. | Матич. служба и селекција | — | 600000 | — | — | 600 | — | 600 |
| 8. | Полнење на контајнери бр. | 58 | 4000 | — | 232000 | 232 | — | 232 |
| 9. | Набавка на овни репродуктори | 600 | 800 | 800 | 1600 | 480 | 480 | 960 |
| 10. | Осигурув. на овни репрод. | 600 | 100 | 100 | 200 | 60 | 60 | 120 |
| 11. | Субвенц. за набавка на нерези | 100 | 1500 | 1500 | 3000 | 150 | 150 | 300 |
| 12. | Субвенц. за набав. на назимци | 75 | 800 | 800 | 1600 | 60 | 60 | 120 |
| 13. | Субвенц. за пчел. санд. бр. | 1500 | 200 | 200 | 400 | 300 | 300 | 600 |
| | ВКУПНО СТОЧАРСТВО: | | | | | 4152 | 3320 | 2472 |
| | II. ПОЛЈОДЕЛСТВО | | | | | | | |
| 14. | Семе пченица — тони | 800 | 0,40 | 0,40 | 0,80 | 320 | 320 | 640 |
| 15. | Семе 'рж — тони | 50 | 0,70 | 0,70 | 1,40 | 35 | 35 | 70 |
| 16. | Семе јачмен — тони | 150 | 0,40 | 0,40 | 0,80 | 60 | 60 | 120 |
| 17. | СК хибридна пченка тони | 70 | 6,00 | 6,00 | 12 | 420 | 420 | 840 |
| 18. | Други хибр. пченка — тони | 50 | 2,00 | 2,00 | 4 | 100 | 100 | 200 |
| 19. | Ориз арпа — за семе тони | 130 | 1,50 | 1,50 | 3 | 195 | 195 | 390 |
| 20. | Семе луцерка детел. еспар. т. | 50 | 10 | 10,00 | 20 | 500 | 500 | 1000 |
| 21. | Семе компир — тони | 200 | 1 | 1,00 | 2 | 200 | 200 | 400 |
| 22. | Граор и сточ. грашок | 40 | 2,50 | 2,50 | 5 | 100 | 100 | 200 |
| 23. | Фураж. култ. кг/ха семе | 100 ха | 200 | 200 | 400 | 20 | 20 | 40 |
| 24. | Вештач. пасишта и ливади ха | 100 | 1500 | 1500 | 1500 | 150 | 150 | 300 |
| 25. | Демонс. опити со силажа во силоси бр . | 20 | 6000 | 6000 | 12000 | 120 | 120 | 240 |
| 26. | Демонст. опити | 400 | 250 | 250 | 500 | 100 | 100 | 200 |
| 27. | Полјодел. опити со хербициди | 200 | 50 | 50 | 100 | 10 | 10 | 20 |
| | ВКУПНО ПОЛЈОДЕЛСТВО: | | | | | 2330 | 2330 | 4660 |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | III. ГРАДИНАРСТВО | | | | | | | |
| 28. | Опити со пластеници | 10 | 2000 | 2000 | 4000 | 20 | 20 | 40 |
| 29. | Пластеници со загревање | 2 | 2000 | 2000 | 4000 | 4 | 4 | 8 |
| 30. | Опити во градин. зашт. | 100 | 100 | 100 | 200 | 10 | 10 | 20 |
| | ВКУПНО ГРАДИНАРСТВО: | | | | | 34 | 34 | 68 |
| | IV. ОВОШТАРСТВО | | | | | | | |
| 31. | Садници сливи — броја | 15000 | 4 | 4 | 8,00 | 60 | 60 | 120 |
| 32. | Садници рибизла и малина | 20000 | 0,80 | 0,8 | 1,6 | 16 | 16 | 32 |
| 33. | Садници цреши броја | 3000 | 4 | 4 | 8 | 12 | 12 | 24 |
| 34. | Садници вишни броја | 5000 | 4 | 4 | 8 | 20 | 20 | 40 |
| 35. | Садници праски броја | 20000 | 4 | 4 | 8 | 80 | 80 | 160 |
| 36. | Садници кајсии — броја | 2000 | 4 | 4 | 8 | 8 | 8 | 16 |
| 37. | Садници јаболка — броја | 20000 | 4 | 4 | 8 | 80 | 80 | 160 |
| 38. | Садници круши — броја | 20000 | 4 | 4 | 8 | 80 | 80 | 160 |
| 39. | Јагоди лозници броја | 150000 | 0,15 | 0,15 | 0,3 | 22 | 22 | 44 |
| 40. | Јагоди под фолии опити бр. | 10 | 1500 | 1500 | 3000 | 15 | 15 | 30 |
| 41. | Садници лешници броја | 1500 | 2 | 2 | 4 | 3 | 3 | 6 |
| 42. | Калемен орев броја | 5000 | 15 | 15 | 30 | 75 | 75 | 150 |
| 43. | Селекциониран орев бр. | 5000 | 8 | 8 | 16 | 40 | 40 | 80 |
| 44. | Опити во овоштарството | 50 | 500 | 500 | 1000 | 25 | 25 | 50 |
| | ВКУПНО ОВОШТАРСТВО | | | | | 536 | 536 | 1072 |
| | V. ЛОЗАРСТВО | | | | | | | |
| 45. | Лозови калеми броја | 400000 | 1 | 1 | 2 | 400 | 400 | 800 |
| 46. | Опити во лозарството | 40 | 500 | 500 | 1000 | 20 | 20 | 40 |
| | ВКУПНО ЛОЗАРСТВО: | | | | | 420 | 420 | 840 |
| VI. | ПОЧВЕНИ АНАЛИЗИ БРОЈА | 3000 | 30 | 30 | 60 | 90 | 90 | 180 |
| VII. | НАТПРЕВАРИ | | | | | | | |
| 47. | Натпревари за високи приноси во општините | 50 | 2000 | 2000 | 4000 | 100 | 100 | 200 |
| 48. | Републички натпревари за вис. прин. и др. натпрев. | | | | | 160 | | 160 |
| VIII. | ЗЕМЈОДЕЛСКО ОБРАЗОВАНИЕ И ПРОПАГАНДА | | | | | 600 | 300 | 900 |
| IX. | ЗЕМЈОДЕЛСКИ ИЗЛОЖБИ И СМОТРИ | | | | | 150 | 70 | 220 |
| X. | ТРОШОЦИ НА СТРУЧ. СЛУЖБИ | | | | | | | |
| 49. | Лични доходи на Републичките стручни служби | | | | | 665 | | 665 |
| 50. | Мат. трош. реп. ст. служби | | | | | 530 | | 530 |
| 51. | Лич. дох. на општ. ст. служ. | — | 3100000 | 31000 | 6200000 | 3100 | 3100 | 6200 |
| 52. | Мат. трош. на опш. ст. служ. | — | 950000 | 950000 | 1900000 | 950 | 950 | 1900 |
| 53. | XI. БЕНЕФИЦИРАНА КАМАТА 6% и 1,5% | | | | | | | |
| | XII. ИНВЕСТИЦИИ ЗА РАБ. УСЛОВИ | 5 | 100000 | 100000 | 200000 | 500 | 500 | 1000 |
| 54. | Трошоци на програмата | | | | | 150 | — | 150 |
| 55. | Моторни возила | — | — | — | — | 200 | 100 | 300 |
| XIII. | ЗАШТИТА ОД ГРАДОБИЈНОСТ | — | — | — | — | 3000 | — | 3000 |
| | ТЕКОВНА РЕЗЕРВА | | 162474 | 162474 | | 162 | | 162 |
| | ВКУПНО ТРОШОЦИ: | | | | | 20667 | 11850 | 32367 |
| | СЕ ВКУПНО: | | | | | 20829 | 11850 | 32679 |

V

Републичкиот секретаријат за земјоделство и шумарство, во рамките на вкупните расположливи средства по Програмата за унапредување на индивидуалното земјоделство, ќе врши исплата по предвидените намени. Доколку средствата предвидени по одредена намена не бидат реализирани, односно некои намени бидат извршени во поголем обем од предвидените, ќе врши пренамена во рамките на постојните средства.

VI

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 06-557/2
9 април 1975 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**инж. Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с. р.

**120.**

Врз основа на член 318, став 2 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор, одржана на 8 април 1975 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ОБРАЗУВАЊЕ СОВЕТ ЗА НАУЧНО И ТЕХНИЧКО ТВОРЕШТВО

I

За остварување соработка на организациите на здружениот труд, републичките органи на управата, општествено-политичките и други општествени организации, како и други организации и заедници во областа на развојот на научното и техничкото творештво и за поттикнување побрзиот развој на научното и техничкото творештво и омасовување на пронаоѓаштвото, новаторството и рационализаторството во Социјалистичка Република Македонија, се образува, како општествено тело Совет за научно и техничко творештво (Совет).

II

Задачите на Советот се:

— организирање на активности за создавање на поволни општествени услови за развој на новаторството, унапредување на пронаоѓаштвото и рационализаторството,

— насочување на општествените фактори за овозможување на трајно и целосно поттикнување на творечките способности на работните луѓе,

— создавање на услови за побрза примена на користење на домашните новаторства, како и вкупната светска технологија, што треба да овозможи побрз, поорганизиран и посистематски развиток на сопствениот инвентивен труд и новаторските процеси,

— вклучување во процесот на новаторството на сите кадровски потенцијали на општеството, поаѓајќи од работниците во непосредното производство и научните работници од научно истражувачките институции,

— создавање на услови за долгорочно, систематско и континуирано вклопување на целото стопанство во тековите на современата научна и техничка револуција,

— поттикнување развојот на општественото договарање и самоуправното спогодување, со цел да се изменат досегашните односи кон инвентивната дејност и изградување на долгорочна стратегија на техничкиот развиток,

— координирање работата на општествените организации, стручните институции на Републиката што се од значење и интерес за целата општествена заедница,

— организирање на советувања, стручни и научни собири за размена на искуства и разгледување на други прашања од оваа област,

— координирање на активностите за организирање на масовни натпревари,

— унапредување и развој на самоуправното право на организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници за поцелосно уредување на односите во оваа област,

— поттикнување на иницијатива за подобрување на законодавството во оваа област.

III

Советот го сочинуваат претседател и членови што ги делегираат:

— Собранието на СРМ,

— Извршниот совет на Собранието на СРМ,

— Централниот комитет на СКМ,

— Републичката конференција на ССРНМ,

— Сојузот на синдикатите на Македонија — претседателството,

— Републичката конференција на Сојузот на социјалистичката младина на Македонија,

— Претседателството на Синдикатот на работниците од индустријата и рударството на Македонија,

— Командата на Скопската воена област,

— Стопанската комора на Македонија,

— Македонската академија на науките и уметностите,

— Универзитетот „Кирил и Методиј“ — Скопје,

— Републичката самоуправна интересна заедница на научните дејности,

— Републичката самоуправна интересна заедница на образованието,

— Сојузот на друштвата на пронаоѓачите на СРМ,

— Сојузот на инженерите и техничарите на Македонија,

— Републичкиот совет на Народна техника,

— Рудници и железарница „Скопје“ — Скопје,

— Органско-хемиската индустрија „Наум Наумовски — Борче“ — Скопје,

— Фабриката „11 Октомври“ — Скопје,

— Здруженото претпријатие „Југотутун“ — Скопје,

— Фабриката за лекови и козметика „Алкалоид“ — Скопје,

— Металскиот завод „Тито“ — Скопје,

— Фабриката за стакло и стаклени влакна — Скопје,

— Текстилниот комбинат „Тетекс“ — Тетово,

— Фабриката за заварени цевки „11 Октомври“ — Куманово,

— Фабриката за фрижидери „Ѓорѓи Наумов“ — Битола,

— Фабриката „Херој Тоза Драговиќ“ — Охрид,

— Фабриката „Југопорцелан“ — Титов Велес,

— Топилницата за олово и цинк „Злетово“ — Титов Велес.

Членови на Советот можат да бидат делегати и на други заинтересирани организации за кои ќе одлучи Советот.

Претседателот и еден член на Советот ги именува Собранието на СРМ, а органите и организациите од претходниот став делегираат по еден член во Советот.

IV

Советот донесува програма и деловник за својата работа.

V

Средствата за извршување на програмата и за работа на Советот се обезбедуваат договорно за здруженото стопанство во рамките на Стопанската комора на Македонија, во општествените дејности во рамките на самоуправните интересни заедници и со републичкиот буџет.

VI

Оваа одлука влегува во сила со донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 06-852
9 април 1975 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**инж. Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с. р.

**121.**

Врз основа на член 14 од Законот за Републичкиот фонд за кредитирање побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта („Службен весник на СРМ“ број 48/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 8 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФОНДОТ ЗА КРЕДИТИРАЊЕ НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ КРАИШТА

I

Се разрешуваат од Управниот одбор на Фондот за кредитирање на стопански недоволно развиените краишта:

а) претседателот: Мито Пејовски

б) члековите:

— Костадин Туџаров,
— Ванде Вандевски,
— инж. Борис Соколовски,
— Фуат Јашари,
— м-р Ѓорѓи Чепујновски,
— Мане Атанасков,
— Никола Нича, и
— Стево Ќулумов.

II

Се именуваат во Управниот одбор на Фондот за кредитирање на стопански недоволно развиените краишта:

а) за претседател: Мито Пејовски, член на Делегацијата на СРМ во Соборот на републиките и покраините на Собранието на СФРЈ,

б) за членови:

— Душко Гиговски, делегат на Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ,
— Мети Крлиу, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ и член на Делегацијата на Собранието на СФРЈ,
— Десанка Делимитова, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија,
— Владимир Трајковски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија,
— Васил Димовски, член на Секретаријатот на Претседателството на РК ССРНМ,
— Павлина Топукова, потсекретар во Републичкиот завод за општествено планирање,
— м-р Ѓорѓи Чепујновски, доцент на Економскиот факултет во Скопје.

III

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 06-849
9 април 1975 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**инж. Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с. р.

**122.**

Врз основа на член 18, став 1 од Законот за Републичкиот фонд за кредитирање побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта („Службен весник на СРМ“ бр. 48/74), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 8 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ФОНДОТ ЗА КРЕДИТИРАЊЕ ПОБРЗИОТ РАЗВИТОК НА СТОПАНСКИ НЕДОВОЛНО РАЗВИЕНИТЕ КРАИШТА

I

Се именува м-р Ѓоко Мојсов за директор на Фондот за кредитирање побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 06-850
9 април 1975 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**инж. Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с. р.

**123.**

Врз основа на точка 3 од Одлуката за образување совет за научно и техничко творештво, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и на Општествено-политичкиот собор, одржани на 8 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕН НА СОВЕТОТ ЗА НАУЧНО И ТЕХНИЧКО ТВОРЕШТВО

I

Во Советот за научно и техничко творештво се именуваат:

а) за претседател, академикот д-р Благој Попов, професор на Природно-математичкиот факултет — Скопје,

б) за член инженер Круме Стојчевски, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на Социјалистичка Република Македонија.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 06-851
9 април 1975 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Благоја Талески,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**инж. Љубомир Гиговски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Гога Николовски,** с. р.

**124.**

Врз основа на член 13, став 6 од Законот за Службата на општественото книговодство на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 31/72), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 8 април 1975 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА СЛУЖБАТА НА ОПШТЕСТВЕНОТО КНИГОВОДСТВО НА СРМ ЗА 1975 ГОДИНА

I

Се дава согласност на Програмата за работа на Службата на општественото книговодство на Социјалистичка Република Македонија за 1975 година.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 03-853
9 април 1975 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**инж. Љубомир Гиговски,** с. р.

**125.**

Врз основа на член 126 став 2 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на СРМ“ бр. 8/75), републичкиот секретар за внатрешни работи донесува

## ПРАВИЛНИК
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО КОИ ЌЕ СЕ СПРОВЕДУВА ВОЗАЧКИ ИСПИТ

Член 1

Со овој правилник се определува во кои населени места ќе се спроведува возачкиот испит и за кои категории моторни возила, како и од кои други подрачја кандидатите за возачи ќе полагаат возачки испит во тие населени места.

Член 2

Условите за спроведување на возачки испит ги исполнуваат населените места:

1. Скопје — за спроведување на возачки испит за управување со моторни возила што се распоредени во категориите: А, Б, Ц, Д и Е и за управување со трактор;

2. Битола, Гевгелија, Гостивар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Куманово, Охрид, Прилеп, Струмица, Тетово, Титов Велес и Штип — за спроведување на возачки испит за управување со моторни возила што се распоредени во категориите: А, Б и Ц, како и Е, но само за влечните возила што спаѓаат во категориите Б и Ц и за управување со трактор;

3. Берово, Валандово, Виница, Дебар, Делчево, Демир Хисар, Кратово, Крива Паланка, Крушево, Македонски Брод, Неготино, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Свети Николе и Струга — за спроведување на возачки испит за управување со моторни возила што се распоредени во категоријата А за управување со трактор.

Член 3

Кандидатите за возачи од подрачјата на општините чие седиште е во населените места од член 2 став 1 точ. 2 и 3 на овој правилник возачкиот испит за управување со моторни возила што се распоредени во категоријата Д, како и во категоријата Е, но само за влечните возила што спаѓаат во категоријата Д ќе го полагаат во Скопје.

Член 4

Кандидатите за возачи од подрачјата на општините чие седиште е во населените места од член 2 став 1 точка 3 на овој правилник возачкиот испит за управување со моторни возила што се распоредени во категориите: Б и Ц, како и во категоријата Е, но само за влечните возила што спаѓаат во категоријата Б и Ц ќе го полагаат:

— Во Битола — кандидатите за возачи од општините: Демир Хисар и Ресен;

— во Гевгелија кандидатите за возачи од општината Валандово;

— во Гостивар кандидатите за возачи од општината Дебар;

— во Кавадарци кандидатите за возачи од општината Неготино;

— во Кичево кандидатите за возачи од општината Македонски Брод;

— во Кочани кандидатите за возачи од општините Берово, Виница и Делчево;

— во Куманово кандидатите за возачи од општините Кратово и Крива Паланка;

— во Охрид кандидатите за возачи од општината Струга;

— во Прилеп кандидатите за возачи од општината Крушево;

— во Струмица кандидатите за возачи од општината Радовиш; и

— во Штип кандидатите за возачи од општините Пробиштип и Свети Николе.

Член 5

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 05-3592/1
1 април 1975 година
Скопје

Републички секретар
за внатрешни работи,
**Мирко Буневски,** с. р.

**126.**

Врз основа на член 154 став 1 точка 11 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на СРМ" бр. 45/72 и 31/74), републичкиот секретар за внатрешни работи донесува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА ПРОГРАМАТА И ПЛАНОТ НА ИЗВЕДУВАЊЕТО НА НАСТАВАТА ВО СТАНИЦИТЕ НА МИЛИЦИЈАТА И САМОСТОЈНИТЕ ОДДЕЛЕНИЈА НА МИЛИЦИЈАТА

Член 1

Програмата за изведување настава во станиците на милицијата и самостојните одделенија на милицијата ги опфаќа особено:

1. Прописите од надлежноста на органите за внатрешни работи со посебен осврт на Законот за внатрешни работи и правилата за вршење на службата за јавна безбедност, како и кон прописите и другата литература што се однесува на заштитата на јавниот ред и мир и работите сврзани со безбедноста на сообраќајот на патиштата;

2. Прописите за кривичните дела и кривичната постапка сврзани со работите што ги вршат овластените службени лица;

3. Работите на безбедноста и општествената самозаштита;

4. Работите на одржување стручно физичката способност;

5. Работите на усовршување знаењата сврзани со употребата и ракувањето со оружјето и техничките средства;

6. Прописите за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд со посебен осврт кон општите акти на работната заедница;

7. Прописите за организација на државните органи со посебен осврт кон органите на судството и јавното обвинителство.

Програмата од претходниот став содржи и настава од основите на марксистичкото образование.

Член 2

За изведување на наставата од член 1 став 1 точ. 1. 2. 3. 6 и 7 и став 2 на овој правилник општинскиот орган за внатрешни работи изготвува годишен план од најмалку по два саати неделно за времето од 1 октомври до 31 мај во годината.

За извршување на наставата од член 1 став 1 точ. 4 и 5 на овој правилник општинскиот орган за внатрешни работи изготвува и посебен годишен план од најмалку два саати неделно за времето од 1 септември до 30 јуни во годината заради одржување на стручно физичката способност и увежбување во ракување со технички средства, како и во ракување со оружје по пат на гаѓање, како и во тој период да предвиди најмалку 10 саати за теоретско запознавање со својствата на техничките средства и оружјето со кои е опремена и вооружена милицијата.

Планирањето на времето за увежбување во ракување со оружје по пат на гаѓање може да се врши само ако во општинскиот орган за внатрешни работи има работници на милицијата чии резултати на увежбаност од одделни видови на оружје се под утврдените просечни норми.

Гаѓањата предвидени со планот на општинскиот орган за внатрешни работи не влегуваат во бројот на гаѓањата што годишно ги определува Републичкиот секретаријат за внатрешни работи.

За увежбување во ракување со оружје општинскиот орган за внатрешни работи должен е да предвиди и потребен број на часови за подготвување со воздушна и малокалибарска пушка.

Член 3

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 05-3453/1
1 април 1975 година
Скопје

Републички секретар
за внатрешни работи,
**Мирко Буневски,** с. р.

**127.**

Врз основа на член 42 од Законот за матичните книги („Службен весник на СРМ" бр. 15/73) и член 35 од Законот за посвојување („Службен весник на СРМ" бр. 5/73 и 49/74), републичкиот секретар за внатрешни работи донесува

## УПАТСТВО
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА ВОДЕЊЕ НА МАТИЧНИТЕ КНИГИ

Член 1

Во Упатството за водење на матичните книги („Службен весник на СРМ" бр. 22/73), точка 18 се менува и гласи:

„Матичарот, надлежен според местото кое со решението за потполно посвојување е определено како место на раѓање на посвоеникот, врз основа на решението за потполно посвојување во матичната книга на родените ќе изврши ново запишување при што името и презимето и местото на раѓање на посвоеникот ќе ги запише така како што се наведени во решението за посвојување, а податоците на посвоителите ќе ги запише како податоци на родители. Во рубриката „Забелешки" се внесува забелешката: „Запишувањето е извршено врз основа на решението за потполно посвојување ——————" (се наведува називот на органот што го донел решението и бројот и датумот на решението).

Ако посвоеникот пред потполното посвојување бил запишан во матичната книга на родените, матичарот тоа поранешно запишување ќе го поништи односно ќе достави соодветно известување до матичарот каде е запишан посвоеникот заради поништување на поранешното запишување.

Поништувањето од претходниот став се извршува со прецртување на поранешното запишување со две дијагонални линии кои не ја зафаќаат рубриката „Дополнителни запишувања и прибелешки" во која се запишува забелешката: „Запишувањето е поништено согласно решението за потполно посвојување —————— (се наведува називот на органот што го донел решението и бројот и датумот на решението). Ново запишување е извршено во матичната книга на родените која се води за местото —————— општина —————— СР —————— под тековен број —————— за ——— година."

Член 2

Ова упатство влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Бр. 12-3494/2
1 април 1975 година
Скопје

Републички секретар
за внатрешни работи,
**Мирко Буневски,** с. р.

**128.**

Уставниот суд на Македонија, оценувајќи ја уставноста на точката 6 на член 7 од Тарифата за височината на надоместокот за комунални услуги, донесена од работничкиот совет на Претпријатието за туризам и комунални работи „Маврово" во Маврови Анови, општина Гостивар, по одржаната јавна расправа на 13 март 1975 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА точката 6 на член 7 од Тарифата за височината на надоместокот за комунални услуги, донесена од работничкиот совет на Претпријатието за туризам и комунални работи „Маврово" во Маврови Анови, општина Гостивар, на седницата одржана на 27 февруари 1973 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во Претпријатието за туризам и комунални работи „Маврово" во Маврови Анови, општина Гостивар, на начин определен во статутот на претпријатието за објавување на самоуправните општи акти.

3. Уставниот суд на Македонија, по повод на поднесена претставка, со решение У. бр. 24/74 од 8 јануари 1975 година поведе постапка за оценување уставноста на членот 7 од тарифата означена во точката 1 на оваа одлука.

4. Судот на јавната расправа утврди дека со точката 6 на член 7 од тарифата е предвидено, до инсталирање на мерни инструменти на домашните инсталации, домаќинствата кои имаат инсталирано вода во стан да плаќаат по 2,50 динари на член месечно, додека сопствениците на викендиците да плаќаат паушално по 15 динари месечно.

Според ставот 2 на член 204 од Уставот на СР Македонија сите се еднакви пред законот, а според алинејата 9 од став 3 на одделот II од Основните начела на Уставот неприкосновената основа на положбата и улогата на човекот, покрај другото, ја сочинува еднаквоста на правата, должностите и одговорностите на луѓето во согласност со уставноста и законитоста.

Со оглед на тоа што со точката 6 на член 7 од оспорената тарифа сопствениците на викендиците се обврзани користењето на вода да го плаќаат во месечен паушал независно од бројот на членовите на домаќинството, а останатите домаќинства што се постојано настанети на ова подрачје се обврзани оваа комунална услуга да ја плаќаат во месечен паушал според бројот на членовите на домаќинството, како и со оглед на тоа што за сопствениците на викендиците и за останатите домаќинства месечниот паушал за користење на вода е определен во различен износ, Судот смета дека сопствениците на викендиците се ставени во нееднаква положба во однос на останатите корисници на оваа комунална услуга.

Поради тоа Судот смета дека точката 6 на член 7 од означената тарифа не е во согласност со уставното начело за еднаквост на граѓаните утврдено во ставот 2 на член 204 и во алинејата 9 од став 3 на одделот II од Основните начела на Уставот на СР Македонија.

На основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 24/74
13 март 1975 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**д-р Асен Групче,** с. р.

# ОПШТЕСТВЕНИ ДОГОВОРИ И САМОУПРАВНИ СПОГОДБИ

**164.**

Врз основа на член 112 став 3 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 46/72), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Сојузот на синдикатите на Македонија, Републичката конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија и Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, склучуваат

## ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР

### ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ ВО ПОСЕБЕН СТАЖ НА ВРЕМЕТО ПОМИНАТО НА РАБОТА ВО ЧЛЕНСТВО НА СЕЛСКИТЕ РАБОТНИ ЗАДРУГИ, ТУТУНСКИТЕ И СТОЧАРСКИТЕ ЗАДРУГИ

Член 1

Со овој општествен договор во согласност со член 112 став 2, 3, 4 и 5 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување се регулира обезбедувањето на средства што ќе бидат потребни за признавање во посебен стаж на времето поминато на работа во членство на селските работни задруги, тутунските и сточарските задруги во периодот од 15 мај 1945 година до 31 декември 1959 година, ако тоа на осигурениците им било единствено или главно занимање.

Член 2

Средствата за обезбедување посебен стаж на осигурениците кои поминале на работа во членство на селските работни задруги, тутунските и сточарски задруги во периодот од 15 мај 1945 година до 31 декември 1959 година, ги обезбедува Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија од придонесот што го плаќаат осигурениците за пензиско и инвалидско осигурување.

Член 3

Начинот на обезбедувањето на средствата од член 2 на овој договор, го утврдува Заедницата на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Член 4

Овој договор влегува во сила со денот на неговото донесување, ќе се применува од 1 јануари 1975 година, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Скопје, 28. III. 1975 год.

ЗА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Член на Извршниот совет и републички секретар за труд,
**Душко Ѓорѓиев,** с. р.

ЗА СОЈУЗОТ НА СИНДИКАТИТЕ НА МАКЕДОНИЈА
Член на Претседателството на Сојузот на синдикатите на Македонија,
**Панче Миркуловски,** с. р.

ЗА РЕПУБЛИЧКАТА КОНФЕРЕНЦИЈА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ СОЈУЗ НА РАБОТНИОТ НАРОД НА МАКЕДОНИЈА
Член на секретаријатот на Претседателството на Републичката конференција на ССРНМ,
**Томе Дракулевски,** с. р.

ЗА ЗАЕДНИЦАТА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
Претседател,
**Лилјана Манева,** с. р.

# Огласен дел

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОКРУЖЕН СУД ВО СКОПЈЕ

Пред Окружниот суд во Скопје е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителката Шае Адиљи Несими од Тетово, ул. „Љуботенска“ бр. 39, против тужениот Мурат Исниов Адиљи од село Копанце, Тетовско, кој сега се наоѓа на привремена работа во Западна Германија со непознато место на живеење.

Се повикува тужениот Мурат Исниов Адиљи од село Копанце, Тетовско, да се јави на овој суд или да ја достави својата адреса во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас. Во спротивно судот ќе му определи старател кој ќе го застапува до окончувањето на спорот.

Од Окружниот суд во Скопје, П. бр. 1289/74. (58)

### ОКРУЖЕН СУД ВО БИТОЛА

Пред овој суд заведен е спор за развод на брак по тужбата на Трена Лозановска од село Света, против Станко Петковски од село Свето Тодори, сега во Франција со непозната адреса. Поради тоа на тужениот, согласно член 77 став 2 точка 4 од ЗПП, поставен му е привремен застапник адв. Томе Симјановски од Битола, кој ќе го застапува со сите права и должности на законски застапник сè додека тужениот или негов полномошник не се јават пред судот, односно сè додека органот на старателство не го извести судот дека му поставил старател.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 713/74. (51)

---

Пред овој суд заведен е спор за развод на брак по тужбата на Таса Тарашовска од Битола, сега во Западна Германија, против Ставре Ставревски од Битола, сега со непозната адреса во Западна Германија.

За привремен застапник на тужениот му е поставен адв. Томе Симјановски од Битола, кој ќе го застапува сè додека тужениот или негов полномошник не се јават пред судот, или додека органот за старателство не му постави старател.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 105 од 11. III. 1975 година. (52)

---

Пред овој суд заведен е спор за развод на брак по тужбата на Фатима Рожајац — Калишиќ од село Горно Оризари, Титоввелешко, против Селман Рожајац од село Житоше, Крушевско, сега со непозната адреса во странство. Поради тоа на тужениот, согласно член 77 ст. 2 т. 5 од ЗПП, поставен му е привремен застапник адв. Ѓорѓи Клисаровски од Прилеп, кој ќе го застапува со сите права и должности на законски застапник сè додека тужениот или негов полномошник не се јават пред судот.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 726/74. (53)

---

Петковска Веселинка од Битола, ул. „26-та“ бр. 6. поднесе до овој суд тужба против Петковски Стеван од Битола, сега во Австралија со непознато место на живеење.

Бидејќи тужениот Стеван е во неизвесност, се поканува во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“ да се јави во овој суд или да одреди свој застапник. Во спротивно на истиот ќе му биде одреден застапник по службена должност.

Од Окружниот суд во Битола, П. бр. 17/75. (54)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ПРИЛЕП

Општинскиот суд во Прилеп води постапка за прогласување умрен на Најдоски М. Ристе од село Бешиште, Прилепско, кој исчезнал и за кого не се знае дали е жив. Се повикува секое лице кое знае било што за исчезнатиот или за неговиот живот да му јават на судот во рок од 3 месеци од објавувањето на овој оглас.

По истекот на рокот од 3 месеци исчезнатото лице судот ќе го прогласи за умрено.

Од Општинскиот суд во Прилеп, Р. бр. 1446/73. (55)

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред овој суд води спор Алијевиќ Веби од село Врапчиште, Гостиварско, против Мазлами Ќенан од село Боговиње, Тетовско, сега со непозната адреса во странство, за долг, вредност 3.100 динари.

Се повикува тужениот во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави на судот или да достави адреса или свој полномошник. Во спротивно судот ќе му постави старател кој ќе се грижи за неговите права и обврски по овој спор.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1189/70.

---

Пред овој суд води спор за утврдување на договор од Арсовски Ристов Трпе од село Челопек против тужените Алија Исман Феми и Идризи Вебија Меџит од село Челопек.

Бидејќи тужениот Идризи Вебија Меџит се наоѓа во странство со непозната адреса, истиот се повикува во рок од 30 дена од објавувањето на огласот да се јави во судот и да достави адреса. По истекот на овој рок ќе му биде поставен старател кој ќе се грижи за неговите права и обврски по спорот.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 749/73.

## РЕГИСТАР НА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 15. VIII. 1973 година, рег. бр. 23/73, книга I е запишана под фирма: Економска единица — Крушево, во состав на Месната заедница — Крушево. Предмет на работењето на економската единица е вршење на градежна, комунална и станбена дејност.

Економската единица е основана од Месната заедница — Крушево, со решение бр. 01-5/1 од 13. VIII. 1973 година.

Економската единица ќе ја потпишуваат, Велко Ангелески, Миха Христовски и Крсте Стојановски. Потписите важат колективно најмалку со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 332/73. (1253)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 271, страна 308, книга VII е запишана под фирма: „Црвена ѕвезда“ — Фабрика за чорапи и трикотажа — Скопје — Деловна единица — Продавница, без својство на правно лице во Скопје, во кругот на Фабриката „Црвена ѕвезда“ — Скопје. Предмет на работењето на продавницата е продажба на трикотажа.

Продавницата е основана со одлуката на работничкиот совет на „Црвена ѕвезда“ — фабрика за чорапи и трикотажа — Скопје, број 02-71 од 28. IX. 1973 година.

Раководител на продавницата е Бучковски Сиљан.

Деловната единица — продавница без својство на правно лице во Скопје, во кругот на Фабриката „Црвена ѕвезда“ — Скопје, ќе ја потпишува, задол-

жува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1460 од 24. XII. 1973 година. (1601)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 1648, страна 318, книга VIII е запишана под фирма: Претпријатие „Центротекстил“ — импорт-експорт — Београд, улица „Кнез Михајлова“ 1—2, Деловна единица — продавница за чевли во Скопје, ул. „Белградска“ број 52, без својство на правно лице. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мало на производи од трговската струка — чевли.

Продавницата е основана со спојување на Претпријатието за внатрешна трговија „Рефлекс“ — Белград кон Претпријатието „Центротекстил“ импорт-експорт — Београд, со одлуката на работничкиот совет од 5 јули 1973 година и решението на Окружниот стопански суд во Београд, Фи. бр. 1508 од 4. VI. 1973 година.

Раководител на продавницата е Круме Стојиљковиќ.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Се брише од регистарот на организациите на здружен труд, од рег. број 904, страна 271, книга IV, Продавницата во Скопје, улица „Белградска“ број 52, на Претпријатието за внатрешна трговија „Рефлекс“ — Београд, бидејќи се присоединува кон „Центротекстил“ — импорт-експорт — Београд.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 797 од 17. XII. 1973 година. (1602)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. број 1649, страна 320, книга VIII е запишана под фирма: Претпријатие „Центротекстил“ — импорт-експорт — Белград, улица „Кнез Михајлова“ број 1—2 Деловна единица — Продавница за чевли во Скопје, улица „110“ број 43, без својство на правно лице. Предмет на работењето на продавницата е продажба, на мало, на производи од трговската струка: чевли.

Продавницата е основана со спојување на Претпријатието за внатрешна трговија „Рефлекс“ — Белград кон Претпријатието „Центротекстил“ — импорт-експорт — Белград, со одлуката на работничкиот совет од 5 јули 1973 година и решението на Окружниот стопански суд во Белград, Фи. бр. 1508 од 4. VI. 1973 година.

Раководител на продавницата е Андон Стојановски.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Се брише од регистарот на организациите на здружен труд, од рег. број 914, страна 323, книга IV Продавницата во Скопје, улица „110“ број 43, на Претпријатието за внатрешна трговија „Рефлекс“ — Белград, бидејќи се присоединува кон „Центротекстил“ — импорт-експорт — Белград.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 798 од 17. XII. 1973 година. (1603)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 74, страна 757, книга I е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Единство“ — село Челопек, Тетовско — Деловна единица — Продавница број 18 во село Ларце, без својство на правно лице. Предмет на работењето на продавницата е промет со прехранбено-колонијални стоки.

Продавницата е основана со одлуката на Деловниот одбор на Земјоделската задруга „Единство“ — село Челопек, број 03-464 од 14. VII. 1973 година.

Раководител на продавницата е Сејдија Нијази.

Деловната единица — продавница број 18 во село Ларце ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1222 од 18. XII. 1973 година. (1605)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. број 1650, страна 322, книга VIII е запишана под фирма: Претпријатие „Центротекстил“ — импорт-експорт — Белград, — Деловна единица — продавница за чевли во Скопје, ул. „Маршал Тито“ број 39, без својство на правно лице. Предмет на работењето на продавницата е продажба на мало на производи од трговската струка: чевли.

Продавницата е основана со спојување на Претпријатието за внатрешна трговија „Рефлекс“ — Белград кон Претпријатието „Центротекстил“ — импорт-експорт — Белград, со одлуката на работничкиот совет од 5 јули 1973 година и решението на Окружниот стопански суд во Белград, Фи. бр. 1508 од 4. VI. 1973 година.

Раководител на продавницата е Иванова Марта.

Продавницата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Се брише од регистарот на организациите на здружен труд, од рег. број 836, страна 1007, книга III продавницата во Скопје, ул. „Маршал Тито“ број 39, на Претпријатието за внатрешна трговија „Рефлекс“ — Белград, бидејќи се присоединува кон „Центротекстил“ — импорт-експорт — Белград.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 800 од 17. XII. 1973 година. (1604)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 77, страна 60, книга VIII е запишано следното: На досегашниот директор на Претпријатието за дрвна индустрија „Треска“ — Скопје — ООЗТ — Погон за стопанисување со шуми — Кичево — инженер Дончо Вренцовски, со одлуката на Централниот работнички совет на Претпријатието за дрвна индустрија „Треска“ — Скопје, број 02-9941/2 од 28. V. 1973 година му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност.

За в.д. директор на Претпријатието за дрвна индустрија „Треска“ — Скопје — ООЗТ Погон за стопанисување со шуми — Кичево со горецитираната одлука, е назначен Синадин Илиевски, кој погонот ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со новоназначениот потписник Душан Божиновски, директор на економско-финансиската служба, сметано од 14. VI. 1973 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 594 од 11. VII. 1973 година. (1078)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, на 9. I. 1973 година, рег .број 61/70, книга I е запишано следното: Се овластуваат Илија Пајмакоски и Ангелина Богатиноска, да ја потпишуваат Угостителската единица — менза, на Самостојниот погон „Мермери“ — Прилеп, на Трговското претпријатие за увоз-извоз „Вардар“ — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 50/73. (321)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. број 369, страна 535, книга II е запишано следното: Фирмата на Универзалното трговско претпријатие „Напредок“ — село Требиште, Гостиварско, согласно со одлуката на собирот на работните луѓе, број 136 од 8. IX. 1973 година се менува

и во иднина ќе гласи: Стопанско претпријатие „Напредок“, село Требиште, Гостиварско.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1089 од 31. X. 1973 година. (1378)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. број 169, страна 643, книга II се врши пренотација на одлуката за организирање на Основната организација на здружен труд за стопанисување со станбени и деловни згради — Скопје, улица „Маршал Тито“ број 2, при Градежното претпријатие „Маврово“ — Скопје, под фирма: Основна организација на здружен труд за стопанисување со станбени и деловни згради — Скопје, улица „Маршал Тито“ број 2. Предмет на работењето на ООЗТ е изградба и продажба на деловни простории и згради; изградба и продажба на станови и станбени згради; и стопанисување со деловниот и станбениот фонд на ГП „Маврово“ — Скопје.

ООЗТ ќе ја потпишува Кастратовиќ Милисав, директор.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1100 од 7. XI. 1973 година. (1412)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. број 1577, страна 348, книга VII е запишано следното: Досегашниот в.д. шеф на Организацијата на здружен труд, без својство на правно лице — Претставништво во Скопје, ул. „Цветан Димов“ бб, барака 4, соба број 6, Бутел II, со магацин за откуп и промет и продавница, улица „Пазарче“ — Драчево, населба Драчево, на Земјоделската задруга „Преспа“, село Љубојно, Ресен, Куртевски Христо е назначен за шеф на претставништвото со решението број 784/72 од 7. II. 1973 година и во иднина на оваа должност ќе го потпишува, задолжува и раздолжува претставништвото, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 856 од 7. XII. 1973 година. (1588)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 103, страна 22, книга VIII е запишано следното: На досегашните потписници на „Трготекстил“ — трговско претпријатие — Скопје и тоа: Ѓуро Жакуна, директор и Сливов Киро, шеф на сметководството, им престанува правото за потпишување, бидејќи се разрешени од должност, согласно со одлуката број 02-6742 од 23. VII. 1973 година, од одржаната седница на 19. VII. 1973 година.

За генерален директор на „Трготекстил“ — трговско претпријатие — Скопје, со одлуката на работничкиот совет број 02-7742 од 23. VII. 1973 година е назначен Новковски Негре, кој во иднина претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1028 од 19. XII. 1973 година. (1589)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. број 153, страна 361, книга III е запишана под фирма: „Ангропромет“ — претпријатие на големо за промет со машини, индустриски и колонијални стоки — Кавадарци — Деловна единица — продавница — слаткарница, без својство на правно лице во Кавадарци, ул. „7 Септември““ бб. Предмет на работењето на продавницата е промет со слатки.

Продавницата е основана со одлуката на работничкиот совет на „Ангропромет“ — претпријатие на големо за промет со мешани, индустриски и колонијални стоки — Кавадарци, број 436 од 18. V. 1973 година, од одржаната седница на 24. IV. 1973 година.

Раководител на продавницата е Атанас Младенов.

Деловната единица — продавница — слаткарница без својство на правно лице во Кавадарци ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 510 од 27. XI 1973 година.

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 564, страна 635, книга III е запишана под фирма: „Борец“ — угостителско трговско претпријатие за промет со механичка стока на големо и мало — Титов Велес — Деловна единица — Продавница во село Желино, Тетовско, без својство на правно лице. Предмет на работењето на продавницата е промет со градежен и огревен материјал, градежна столарија, водоинсталатерски материјали, производи од керамика и бетонски челик.

Продавницата е основана со одлуката на работничкиот совет на „Борец“ — угостителско трговско претпријатие — Титов Велес, број 225 од 1. VIII 1973 година.

Раководител на продавницата е Нухи Амет.

Деловната единица — продавница во село Желино, без својство на правно лице во село Желино, Тетово, ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1293 од 22. XI. 1973 година. (1472)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, бр. 1643, страна 29, книга VIII е запишано под фирма: Производно трговско претпријатие на големо и мало „Мако тромеѓа“ — Ѓорче Петров, улица „Маршал Тито“ бб. Предмет на работењето на претпријатието е: производство, откуп и продажба на големо и мало на сите видови земјоделски и сточарски производи; трговија на големо и мало со следниве стоки: а) стоки за широка потрошувачка; б) технички стоки: автомобили и резервни делови, авто-гуми електроуреди и материјали; в) текстилна стока; посредување и застапување во прометот и услуги на целата територија на СФРЈ; производство и продажба на леб и бели печива; изработка на домашни ракотворби по системот „СИЦ“; вршење транспортни услуги на други организации и транспортни услуги и услуги со општа работна рака утовар-растовар; промет со електро и водоинсталатерски материјали, производи од гума, каучук и пластика, мешовити индустриски стоки, стакло, порцелан и санитарни уреди, резервни делови за моторни возила, секаков вид хартија, железарија, флаширани алкохолни и безалкохолни пијалоци, мебел, амбалажа и производи за лична хигиена; посредување и застапување во прометот и завршни работи во градежништвото со инженеринг и угостителство.

Претпријатието е основано со спојувањето на Производното трговско претпријатие на големо и мало „Тромеѓа“ Скопје и Претпријатието за промет на големо и мало, посредување и застапување во прометот и завршни работи во градежништвото со инженеринг „Македонија комерц“ — Скопје во единствена работна организација под назив: „Мако тромеѓа“ — производно трговско претпријатие на големо и мало — Ѓорче Петров, согласно со одлуките.

Претпријатието ќе го потпишува, задолжува и раздолжува Јовановиќ Иван, в.д. директор, во границите на овластувањето.

Конституирањето ќе се изврши во рок од 30 дена по уписот на актот за основање во регистарот.

Се брише од регистарот на организациите на здружен труд од рег. број 1392, страна 447, книга VI Производното трговско претпријатие на големо и мало „Тромеѓа“ — Скопје, бидејќи се спојува со Претпријатието за промет на големо и мало, посредување и застапување во прометот и завршни работи во градежништвото со инженеринг „Македонија комерц“ — Скопје, согласно со одлуките на работните заедници во единствена работна организација под назив: „Мако тромеѓа“ производно трговско претпријатие на големо и мало — Ѓорче Петров, улица „Маршал Тито“ бб.

Се брише од регистарот на организациите на здружен труд, од рег. број 1208, страна 1099, книга V Претпријатието за промет на големо и мало, посредување и застапување во прометот и завршни работи во градежништвото со инженеринг „Македонија комерц“ — Скопје, бидејќи се спојува со Производното трговско претпријатие на големо и мало „Тромеѓа“ — Скопје, согласно со одлуките на работните заедници во единствена работна организација под назив: „Мако тромеѓа“ производно трговско претпријатие на големо и мало — Ѓорче Петров, ул. „Маршал Тито“ бб.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1272 од 16. XI 1973 година.

# КОНКУРСИ

Конкурсната комисија на ООЗТ Детска пнеумо-фтизиологија при Градската општа болница — Скопје

распишува

КОНКУРС

за пополнување на работното место лекар од општа практика — приправник

УСЛОВИ: Кандидатот треба да има завршено медицински факултет со среден успех најмалку 8 и да не е постар од 27 години.

Со пријавата за конкурирање кандидатите да достават диплома за завршен медицински факултет, документ за успехот, извод од матичната книга на родените, лекарско уверение, уверение за државјанство и работничка книшка.

Некомплетираните пријави со потребни документи нема да бидат земени во предвид за разгледување од страна на Конкурсната комисија.

Конкурсот трае 15 дена од објавувањето. (64)

---

Врз основа на член 26 и 27 од Законот за самоуправување и работни односи во органите на управата и Одлуката на Работната заедница од 24 март 1975 година, Конкурсната комисија на Комитетот за физичка култура на СР Македонија

распишува

КОНКУРС

за пополнување на работните места

ДВА СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ во Комитетот за физичка култура.

Кандидатите покрај општите услови предвидени со Законот, треба да ги исполнуваат и следните посебни услови:

— за едниот стручен соработник: да има завршено висока школа (факултет) за физичка култура и 3 години работно искуство во струката;

— за вториот стручен соработник: да има високо образование (завршена висока школа — факултет за физичка култура, економски, филозофски или правен факултет) и 3 години работно искуство во струката.

Пријавите со потребните документи за исполнување на општите и посебните услови се доставуваат до Комитетот за физичка култура, до 5 мај 1975 година.

Конкурсната комисија ќе ги разгледа поднесените пријави и ќе изготви предлог за избор на пријавените кандидати на 8 мај 1975 година во 10 часот во просториите на Комитетот на улица „Бихачка“ број 6а.

Стан и одвоен живот не се обезбедува, а личниот доход се утврдува според нормативните акти на Комитетот.

Некомплетираните пријави нема да се разгледуваат. (61)

---

Врз основа на член 60 став 2 од Самоуправната спогодба за здружување во здравствени работни организации и член 103 од Статутот, Советот на Медицинскиот центар — Гостивар

распишува

КОНКУРС

за именување (реизбор) на помошник директор на Медицинскиот центар — Гостивар

УСЛОВИ:

Покрај општите услови предвидени со Законот за меѓусебните односи на работниците во здружениот труд, кандидатите што ќе конкурираат за ова работно место треба да имаат завршено правен факултет со 5 години работно искуство на раководни работни места или виша управна школа — I степен на правен факултет со 8 години работно искуство на раководни работни места.

Работното искуство со завршено соодветно образование под горните услови се смета по дипломирањето.

Личен доход според Самоуправната спогодба за распределба на доходот и личните доходи во Медицинскиот центар — Гостивар.

Молбите таксирани со 2 динари таксена марка, со кратка биографија и со сите приложени потребни документи за засновање на работен однос се доставуваат до Советот на Медицинскиот центар — Гостивар.

Молбите што не ќе бидат комплетирани нема да бидат разгледувани.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето. (62)

---

Собирот на работните луѓе на Бирото за книговодствени услуги — Струмица

распишува повторен

КОНКУРС

за реизбор на директор на ООЗТ

Покрај општите услови според ОЗРО, кандидатот треба да ги исполнува и следните посебни услови:

— да има висока стручна спрема — економски факултет со над 4 години работно искуство на раководно место во книговодство,

— да има виша стручна спрема со над 8 години работно искуство на раководно место во книговодство,

— да има средна стручна спрема со над 10 години работно искуство на раководно место во книговодство.

Кон пријавата кандидатите ги приложуваат и следните документи: извод од матичната книга на родените, диплома за школските квалификации, потврда за работното искуство, биографија, уверение дека не е осудуван и дека не е под истрага.

Некомплетираните документи нема да се земат во разгледување.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на неговото објавување. (60)

## СЛУЖБЕНА ОБЈАВА

Врз основа на член 8 од Општествениот договор за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во основните организации на здружениот труд во стопанството („Службен весник на СРМ“ бр. 29/73), Службата на општественото книговодство — Централа во Скопје ги

објавува

заедничките елементи утврдени според податоците од периодичните пресметки за периодот јануари — март и јануари — јуни 1974 година на организациите од стопанството, и тоа:

| Елементи | Периоди | |
|---|---|---|
| | јануари-март 1974 г. | јануари-јуни 1974 г. |
| 1. Доход за распределба по условно неквалификуван работник во стопанството | 8.000,00 | 15.999,00 |
| 2. Просечен бруто личен доход по условно неквалификуван работник во стопанството | 5.808,00 | 11.616,00 |
| 3. Односи за распределба на доходот во стопанството: | | |
| 2) за проширување на материјалната основа на здружениот труд | 27,3% | 27,4% |
| б) за лични доходи и други лични примања... | 72,7% | 72,6% |

Бр. 84
3 април 1975 година
Скопје

Генерален директор,
**Благој Симеонов**, с. р.

## СЛУЖБЕНА ОБЈАВА

Врз основа на член 6 од Општествениот договор за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во основните организации на здружениот труд и работните заедници во општествените дејности („Службен весник на СРМ“ бр. 11/75) и член 6 од Одделниот општествен договор за усогласување на распределбата на доходот и личните доходи во основните организации на здружениот труд и работните заедници, врз чие работење не делуваат пазарните услови („Службен весник на СРМ“ бр. 14/74), Службата на општественото книговодство — Централа во Скопје го

објавува

заедничкиот елемент:

Бруто личен доход по условно неквалификуван работник во стопанството остварен според завршните сметки за 1974 год. Дин. 23.233,00

Бр. 85
3 април 1975 година
Скопје

Генерален директор,
**Благој Симеонов**, с. р.

## СОДРЖИНА

Страна
113. Закон за изменување на Законот за станбените односи — — — — — — — 233
114. Закон за изменување на Законот за условите и начинот на продажба на станбени згради и станови во општествена сопственост — — — — — — — — 233
115. Закон за изменување на Законот за сопственост на делови од згради — — — 234
116. Одлука за Програма за финансирање на дејности од поширок општествен интерес во областа на водостопанството во 1975 година — — — — — — — — 234
117. Одлука за финансиска програма за остварување на средствата за заштита од градобијност за 1975 година — — — — 235
118. Одлука за финансиска програма за остварување на средствата за пошумување на голините во 1975 година — — — — 236
119. Одлука за финансирање на Програмата за унапредување на индивидуалното земјоделство во 1975 година — — — — 236
120. Одлука за образување Совет за научно и техничко творештво — — — — — 239
121. Одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Управниот одбор на Фондот за кредитирање на стопански недоволно развиените краишта — 240
122. Одлука за именување директор на Фондот за кредитирање побрзиот развиток на стопански недоволно развиените краишта 240
123. Одлука за именување на претседател и член на Советот за научно и техничко творештво — — — — — — — — — 241
124. Одлука за давање согласност на Програмата за работа на Службата за општественото книговодство на СРМ за 1975 година — — — — — — — — — — 241
125. Правилник за определување на населените места во кои ќе се спроведува возачки испит — — — — — — — — — 241
126. Правилник за програмата и планот на изведувањето на наставата во станиците на милицијата и самостојните одделенија на милицијата — — — — — — — 242
127. Упатство за изменување и дополнување на Упатството за водење на матичните книги — — — — — — — — — — 242
128. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 24/74 од 13 март 1975 година — — 243

### Општествени договори и самоуправни спогодби

164. Општествен договор за обезбедување средства за признавање во посебен стаж на времето поминато на работа во членство на селските работни задруги, тутунските и сточарските задруги — — — 243

Издавач: „Службен весник на СРМ“ — работна организација, Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро-сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство. Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје